Врз основа на член 11 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (“Службен весник на Република Македонија бр.66/04, 89/2008 и 152/2015’’), и Одлуката за подигање на спомен обележје на Александар Турунџев ( Службен Гласник на Општина Битола бр.09/2015), Одборот за подигање на спомен обележје на Александар Турунџев и Димитар Илиевски Мурато, на седницата одржана на 25.11.2015 год. распишува:

# ЈАВЕН КОНКУРС

За изработка на идејно решение за подигнување на спомен обележје (споменик) на Александар Турунџев

## I ПРЕДМЕТ НА КОНКУРСОТ

Предмет на конкурсот е избор на идејно архитектонски – урбанистичко и скулпторско решение за спомен обележје (споменик) на Александар Турунџев, кој треба да биде поставен во центарот на кружниот тек кој ќе се гради на крстосница на ул. „Прилепска“ со ул. „Баталјон Стив Наумов“ ( м.в. Ветеринарна станица) – Општина Битола, согласно идејно – естетските и историските аспекти за подигнување на спомен обележјето, локација и лоцираност со сите графички прилози кои ќе им бидат доставени на учесниците на конкурсот, во елаборатот.

## II ВИД НА КОНКУРСОТ

Конкурсот е јавен, анонимен и едностепен, а право на учество имаат сите правни и физички лица од земјата и странство.

Поединци или групи имаат право на учество само со еден труд.

Пресметковната вредност на спомен - обележјето да не биде поголема од 1,500,000,00 денари.

Конкурсот трае 30 дена од објавувањето во еден дневен весник и два локални весници.

## III АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

1. Документацијата може да се подигне во Советот на Општина Битола, Одбор за подигнување на спомен обележје на Александар Турунџев, конкретно во канцеларија бр. 3 и канцеларија бр. 13 во Општина Битола – мала зграда почнувајќи од денот на објавување на конкурсот.
2. Конкурсните трудови се предаваат во архива на Општина Битола.
3. Во конкурсниот труд мора да бидат приложени и два затворени пликови, добиени од распишувачот на конкурсот. Во првиот со назнака “АВТОР’’ треба да биде ставено името и презимето на авторот, соработниците, процентот на делба на наградата и жиро сметки. Во вториот плик со назнака “ АДРЕСА ЗА КОНТАКТИРАЊЕ’’ треба да биде ставена адресата за контактирање со учесниците на конкурсот и телефон. На двата

пликови мора да биде ставена шифрата на трудот во горниот десен агол. На пратката на трудот треба да стои назнака “НЕ ОТВАРАЈ ЗА КОНКУРС’’

4. Конкурсниот труд кој нема да ги содржи сите елементи опишани во овој конкурс, односно е доставен ненавремено или е некомплетен, нема да биде предмет на разгледување.

IV НАГРАДИ

1. За избраниот идеен проект се доделува награда од 30,000 денари.
2. Одборот го задржува правото да не изврши избор, да не ја додели наградата.
3. Инвеститорот ќе склучи авторски договор за пренос на авторските права, а наградата ќе претставува надоместок за одкуп на авторските права за натамошно користење на делото за целта на овај конкурс.
4. Пријавените кандидати прифаќаат дека дале согласност за откривање на идентитетот по извршеНиот избор.
5. Со предавањето на конкурсниот труд се смета дека секој учесник ги прифаќа условите, пропозициите и одредбите на конкурсот.

V ОЦЕНУВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ

Одборот за подигање на спомен обележје на Александар Турунџев се состои од седум членови. Истиот ќе изврши оценување во рок од 40 дена од завршувањето на конкурсот, а резултатите од конкурсот ќе ги објави во дневниот печат најдоцна 8 дена по изборот за најдобро решение.

Бр.0917 – 505/1 ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ

25.11.2015г.